РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА

# ПРАВИЛНИК

**за измена на Правилникот за начинот за исплата и висината на надоместоците за селидбени трошоци, трошоци за превоз, вршење на служба за дежурство, стражарска служба и служба на посебни воени објекти и за време поминато на трупно патување и служба под посебни услови на активниот воен и цивилен персонал во Армијата на Република Македонија**

*-Скопје, јануари 2015 година-*

Врз основа на член 188 став 3 од Законот за служба во Армијата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" број 36/10, 23/11, 47/11, 148/11 и 55/12), министерот за одбрана донесе

# *ПРАВИЛНИК*

## *за изменување на Правилникот за начинот за исплата и висината на надоместоците за селидбени трошоци, трошоци за превоз, вршење на служба за дежурство, стражарска служба и служба на посебни воени објекти и за време поминато на трупно патување и служба под посебни услови на активниот воен и цивилен персонал на служба во Армијата на Република Македонија*

### Член 1

Во Правилникот за начинот за исплата и висината на надоместоците за селидбени трошоци, трошоци за превоз, вршење на служба за дежурство, стражарска служба и служба на посебни воени објекти и за време поминато на трупно патување и служба под посебни услови на активниот воен и цивилен персонал на служба во Армијата на Република Македонија, бр. 01-5145/1 од 18.07.2010 година, бр. 01-5758/1 од 29.09.2011 година, бр. 01-3579/1 од 29.06.2012 година, бр. 01-6887/1 од 31.12.2012, бр. 01-1148/1 од 15.02.2013 година и бр. 01-6597/1 од 30.12.2013 година, во членот 16-а став 1 зборовите „до 31.12.2014 година" се заменуваат со зборовите „ до 31.12.2015 година".

### Член 2

Овој правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 01.01.2015 година.

Бр. 01-133/2
08-01-2015 2015 година
Скопје

Изработено во: Сектор за финансии
Нормативно правно и
номотехнички усогласил: Митар Петковски
Одобрил:Спасоја Дамјаноски

**МИНИСТЕР ЗА ОДБРАНА**
**Зоран Јолевски**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА
Бр. 14-133/1
05-01-20__ год
Скопје

Предмет: Правилник за измена на Правилникот
за начинот на исплата и висината на надоместоци

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Правен основ за донесување на предметниот правилник е членот 188 став 3 од Законот за служба во Армијата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" број 36/10, 23/11, 47/11, 148/11 и 55/12), согласно кој начинот на исплата и висината на надоместоците на воениот и цивилниот персонал на служба во Армијата на Република Македонија, за вршење на служба за дежурство, стражарска служба и служба на посебни воени објекти и за време поминато на трупно патување и служба под посебни услови ги утврдува министерот за одбрана.

Изменувањето кое се однесува во делот на членот 16-а од предметниот Правилник е од причина што во Буџетот на Министерството за одбрана за 2015 година не се одобрени средства за исплата на надомест за дежурства.

Министерството за одбрана во Предлог буџетот за 2015 година планираше средства за оваа намена, но истите не се одобрени.

Предлогот за изменувањето на Правилникот, нормативно правно и номотехнички е прегледан во Секторот за правни работи.

Изработил:
Симовска Сузана

Предлагач:
Спасоја Дамјаноски